Република Северна МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен бр.13 - Виница 2310
Тел. 033 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
Str. Bel Kamen br.13 - Vinica 2310
Phone. +389 (0) 33 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Бр 11-193/2
12.05 2022 год
ВИНИЦА

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РСМ" бр. 32/20 год.) Градоначалникот на општина Виница, објавува

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се објавува Јавен увид за **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА - АТМОСФЕРСКИ КОЛЕКТОР ОД СТАЦИОНАЖА 0+000,00 ДО 0+884,00 И СЕКУНДАРЕН КРАК 1 ОД СТАЦИОНАЖА 0+000,00 ДО 0+549,00, КО ВИНИЦА, ОПШТИНА ВИНИЦА**

Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за атмосферска канализација – Атмосферски колектор од стационажа 0+000,00 до 0+884,00 и Секундарен крак 1 од стационажа 0+000,00 до 0+549,00, КО Виница,општина Виница зафаќа површина од приближно 1,9ха.

Градот Виница има само една постоечка линија за одведување на атмосферските води со вкупна должина од 800 метри. Заради малата покриеност на градот со атмосферска канализација и подобра заштита на градот при интензивни врнежи и поплавни води како и растеретување на постоечката фекална канализација се предвидува проширување на атмосферската канализација.Со проширување на атмосферската канализација е предвидено одведување на атмосферските води по гравитационен пат до најблиските реципиенти.Со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план потребно е да се обезбеди квалитетна комунална инфраструктура, во согласност со можностите и капацитетите на локалитетот, пред се заради изградба и одржување на истата.

Пристапот до локацијата за моторни возила ќе се планира преку новопланираниот пристапен пат, поврзан со постоечкиот катастарски пристап.

Јавниот увид ќе биде објавен на официјалната web-страна на општината во времетраење од 15 дена со почеток од 13.05.2022 до 27.05.2022 год.

ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Миле Петков

-----------------------

Република Северна Македонија
Управни и административни органи
Општина Виница